# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.51 од 13.04.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009 и 18/11), во членот 29 ставот (1) се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за имотно правните работи, во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето за приватизација донесува решение, со кое одлучува по барањето за приватизација на градежното земјиште (во натамошниот текст: решение за приватизација)."

По ставот (4) се додаваат 18 нови става (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16) , (17), (18), (19), (20), (21) и (22), кои гласат:

„(5) Доколку органот на државната управа надлежен за имотно правните работи не донесе решение за приватизација во рокот од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето за приватизација има право во рок од три работни дена од денот на истекот на рокот од ставот (1) на овој член да поднесе барање до директорот кој раководи со органот на државната управа надлежен за имотно правните работи, со кое ќе побара директорот да донесе решение. Барањето се поднесува до писарницата на директорот кој раководи со органот на државната управа надлежен за имотно правните работи.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот за финансии .

(7) Директорот кој раководи со органот на државната управа надлежен за имотно правните работи, е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (5) на овој член да донесе решение со кое барањето за приватизација ќе го уважи или ќе го одбие. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за имотно правните работи.

(8) Кон барањето од ставот (5) на овој член, барателот доставува копија од поднесеното барање за приватизација од ставот (1) на овој член .

(9) Доколку директорот кој раководи со органот на државната управа надлежен за имотно правните работи не донесе решение во рокот од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(10) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (9) на овој член да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за имотно правните работи дали е спроведена постапката по поднесено барање за приватизација согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор е должен да го информира подносителот на известувањето.

(11) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон, донесува решение со кое го задолжува директорот кој раководи со органот на државната управа надлежен за имотно правните работи во рок од десет дена да донесе решение со кое ќе го уважи или ќе го одбие барањето за приватизација и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(12) Доколку директорот кој раководи со органот на државната управа надлежен за имотно правните работи не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за

прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој директорот кој раководи со органот на државната управа надлежен за имотно правните работи ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторатот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку директорот кој раководи со органот на државната управа надлежен за имотно правните работи не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (12 ) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (9) на овој член, подносителот на известувањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за имотно правните работи.

(15) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (14) на овој член, и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (10) и (11) на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (12) и (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(17) Во случајот од ставот (16) на овој член , директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(18) Во случаите на ставот (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(19) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (15) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(20) Доколку директорот кој раководи со органот на државната управа надлежен за имотно правните работи не одлучи во рок од ставот (13) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(21) Постапката пред Управниот суд е итна.

(22) Подзаконскиот акт од ставот (6) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(23) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (6) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за финансии.“

**Член 2**

Во членовите 31 став (1), 32 став (3), 53 став (1), 63 став (1), 70 став (1), 77 став (4), 79 став (3) и 80 став (2) зборовите: „Комисија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на имотно правните работи и градежното земјиште" се заменуваат со зборовите: "Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

**Член 3**

Одредбата од членот 2 на овој закон ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува на 31 март 2012 година.